РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 16-02-2015
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
11 | 1230 | 1 |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **контролен**

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово – дигитален пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 14.02.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси согласно издадените потврди за регистрација на пакет програмски сервиси, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**5. Претходно изречена мерка:.**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-326 од 02.02.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година.

Решението е уредно примено на 04.02.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Програмскиот сервис E! Entertainment, кој овој оператор го реемитува, не е во согласност со издадената потврда за регистрација на пакет програмски сервиси, односно истиот се реемитува во српска јазична верзија. Согласно издадената Потврда за регистриран програмски пакет бр.2 (наш бр.11-354 од 26.08.2013), наведено е дека за овој програмски сервис, оригинален јазик на емитување е англиски. Имено, за програмскиот сервис, E! Entertainment, Канцеларијата за комуникации на Обединето Кралство, издала дозвола бр. TLCS 1258 со кој ова тело одобрило емитување на овој програмски сервис, под назив E! Serbia. Во дозволата TLCS 1258, во делот каде што се наведуваат основните податоци за сервисот, е наведено дека, територија за која овој програмски сервис е наменет е само Република Србија и со јазик на емитување српски. По направената измена на погоре споменатата дозвола, од страна на Канцеларијата за комуникации на Обединето Кралство, овој програмски сервис е преименуван во E! Balkans, вклучувајќи ги

како територијален опфат Србија, Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Согласно член 69 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), за телевизиски програмски сервис што се емитува во Република Македонија, дозвола доделува Агенцијата. Согласно наведеното, јасно произлегува дека во Република Македонија, дозвола за телевизиско емитување може да издаде единствено Агенцијата како регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со оглед на претходно наведеното, реемитувањето на програмскиот сервис E! Entertainment, во српска јазична верзија, кој не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизелни медиумски услуги.

**7. Предлог мерка:**

Поради тоа што, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово, продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет, Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**